Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Бр./Nr. 05-625/1
27-02-2025
Скопје/Shkup

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Управа за извршување на санкциите
MINISTRIA E DREJTËSISË
Drejtoria për ekzekutimin e sanksioneve
Бр.-Nr. 03-409/1
06.03 2025 год.-viti
Скопје - Shkup 1

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА MINISTRIA E DREJTËSISË
БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
BYROJA PER PERFAQESIMIN E REPUBLIKES SE MAQEDONISE SE VERIUT PARA GJYKATES EVROPIANE PER TE DREJTAT E NJERIUT
Бр.-Nr. 0507-77/1
03.03 2025 год.-viti
СКОПЈЕ / SHKUP

# ДОГОВОР
## За набавка на стоки – Електрична енергија
## („Договор“)

Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ
Бр. 09-767/1
07-03-2025 20 год.
СКОПЈЕ

Овој Договор за набавка на стоки – Електрична енергија склучен на ден ______________ година помеѓу:

1.**Министерство за правда на Република Македонија**, со седиште на ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9 Скопје, ЕДБ 4030990254525 и ЕМБС 4065964, претставувано од Министерот за правда Игор Филков, (во натамошниот текст „**Договорен орган** “),

2. **Министерство за правда на Република Северна Македонија – Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права**, со седиште на ул. “Димитрие Чуповски” бр.9 Скопје ЕДБ МК 4080015549201 и ЕМБС 7011822, претставувано од в.д.директор Даница Цонова, (во понатамошниот текст „**Договорен орган** “),

3. **Министерство за правда – Управа за извршување на санкциите,** со седиште на ул. „Димитрие Чуповски” бр.9 Скопје, ЕДБ МК 4030006578226 и ЕМБС 6070809 претставувано од **в.д.**директор Александар Пандов (во понатамошниот текст „**Договорен орган** “) и

4. **ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул. 11 Октомври бр.9, 1000 Скопје ЕДБ 6548474 и ЕМБС 4080009508269, со жиро сметка 200002036632944 депонент на Стопанска Банка АД Скопје, застапувано од управителот Павле Мацовски (во натамошниот текст – носител на набавката).

(Во натамошниот текст заеднички наречени „**Договорни страни**“ и секоја од нив „**Договорна страна**“)

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Со овој Договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на Договорните страни во врска со набавка на стоки – Електрична енергија, по спроведување на отворена постапка за доделување на Договор за јавна набавка објавена со оглас број 20190/2024, согласно Одлуката за јавни набавки бр. 05-2810/1 од 05.11.2024 година и Одлуката за избор на најповолен понудувач 05-272/1 од 24.01.2025 година.

Член 2

Предмет на Договорот е јавна набавка на стоки – Електрична енергија, согласно доставената понуда која е составен дел на Договорот и која одговара на техничката спецификација во прилог на тендерската документација.

## II. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу Договорните страни е македонскиот јазик.

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Вкупната вредност на Договорот ќе се утврди врз основа на реално испорачаните количини на електрична енергија, но не повеќе од 7.000.000,00 денари, без вклучен ДДВ, ДДВ во износ од 1.260.000,00 денари, односно 8.260.000,00 денари со вклучен ДДВ (согласно проценетата вредност на Договорот за групна јавна набавка).

Единечните цени за конкретните стоки се наведени во понудата која е составен дел на Договорот.

Договорниот орган го задржува правото да не ги реализира сите предвидени средства за времетраење на Договорот.

## IV. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Договорот почнува да важи од денот на потпишувањето од двете Договорни страни. Истиот ќе биде со важност од една година од денот на склучувањето на истиот.

## V. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА И МЕРЕЊЕ

Член 6

Носителот на набавката ќе го снабдува Договорниот орган со електрична енергија врз основа на потребите на Договорниот орган, редовно (непрекинато 24 часа во денот за целото времетраење на Договорот), до сите мерни места регистрирани на Договорниот орган.

Носителот на набавката е должен да го внесе Договорниот орган во својата балансна група со која ќе ја преземе балансната одговорност, согласно Правилата за пазар на електрична енергија.

Носителот на набавката прифаќа да му овозможи на потрошувачот одговорност за балансирање на потрошувачката, предвидување и планирање на потрошувачката на енергијата.

Носителот на набавката е должен непречено да дозволи отворање на нови приклучни мерни места и/или укинување на постоечки, за што ќе биде благовремено известен од страна на Договорниот орган.

Договорниот орган го задржува правото да врши зголемување или намалување на бројот на мерни места, според потребите.

Носителот на набавката може да ја ограничи испораката поради вршење на планирани прегледи, испитувања, контролни мерења, одржување, реконструкции, проширување на мрежата, уредите и инсталациите, како и во случај на потреба од спречување на ризик од нарушување во електроенергетскиот систем, од страна на Операторот на електродистрибутивниот систем. За сите планирани прекини, Носителот на набавката ќе го информира Договорниот орган најмалку 24 (дваесет и четири) часа однапред, во спротивно ќе треба да ја надомести настанатата штета.

Мерењето на испорачаната електрична енергија го врши Операторот на дистрибутивниот систем.

Пресметковните мерни места опфатени со овој договор се наведени во прилог кој е составен дел на овој Договор.

Во случај на доцнење или неиспорачување на стоките предмет на овој Договор од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна – пеналите се определуваат во висина од 2% од вредноста на неиспорачаните стоки, но не повеќе од 5% од вредноста на набавката, при што е потребно веднаш од страна на Договорниот орган по приемот на испорачаните стоки да му врачи на Носителот на набавката писмено известување дека Договорниот орган го задржува правото на договорна казна – пенали.

Доколку испораката на стоките доцни и по истекот на дополнително оставениот рок од 1 (еден) ден од рокот утврден во став 1 и став 2 на овој член, Договорниот орган има право на договорна казна во висина од вредноста на неиспорачаните стоки и има право да го раскине Договорот со проста изјава за раскинување на Договорот и за задржување на правото на договорна казна – пенали.

## VI. ПРЕСМЕТКА И НАПЛАТА НА ИСПОРАЧАНА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

### Член 7

Носителот на набавката на Договорниот орган ќе му доставува фактури за испорачаната електрична енергија за соодветниот пресметковен период согласно понудената маржа која изнесува 5,88 %.

Маржата изразена во % (проценти) ќе се користи за пресметка на цената на потрошена електрична енергија за дадениот месец, преку примена на следната формула:

Cm = Cm,HUPX + (Cm,HUPX *маржа во %)

Cm – цена по која ЕО го снабдува ДО во месецот (m), ден/kWh

Cm,HUPX – просечна цена за електрична енергија на пазарот на берзата HUPX за месецот за кој се однесува, ден/kWh.

Во фактурата се прикажуваат и надоместокот за обновлива енергија и надоместокот за користење на пазарот на електрична енергија кои не се вклучени во цената на електричната енергија и кои се одредени согласно одлука донесена од Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

Процентот на маржа да биде изразен во фактурата или во документ кој ќе биде прилог кон фактурата.

Во прилог на фактурата се доставува и официјален документ за настанатите промени на HUPX берзата и начинот на пресметка на просечната цена на HUPX берзата за дадениот месец.

Договорниот орган е должен да ја плати фактурата за испорачаната електрична енергија за претходниот месец, во рок од 30 дена од денот на доставување на фактурата во архивата на набавувачот.

Носителот на набавката изготвува посебни месечни фактури и ги доставува до архивата на договорниот орган.

Износот на фактурата за броилото 42454367 догооврните страни се согласни да биде поделен согласно склученната спогодба заведена во Министерство за правда под број на Министерството за правда 03-1991/1 од 09.07.2024 година, во Министерство за правда – Управа за извршување на санкциите заведен под број 03-1059/1 од 10.07.2024 година и Министерство за правда – Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права заведен под број 0307-148/1 од 11.07.2024 година и Договоорт за групна набавка заведен во Министерство за правда под број 05-1994/1 од 09.07.2024, Министерство за правда – Управа за извршување на санкциите заведен под број 03-1620/1 од 25.10.2024 година и Министерство за правда – Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права заведен под број 0507-195/1 од 28.10.2024 година, заведен во, Скопје и тоа на следниот начин:

-Министерство за правда плаќа 75% од вкупната вредност на фактурата
- Министерство за правда – Управа за извршување на санкциите плаќа 21% од вкупната вредност на фактурата и

- Министерство за правда на Република Северна Македонија – Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права плаќа 4% од вкупната вредност на фактурата.
Износот на фактурата за броилото 40535662, Волковија - Брвеница договрните страни се согласни во целот да ја плаќа Министерство за правда – Управа за извршување на санкциите.
Носителот на набавката изготвува посебни месечни фактури за ПО на Министерството за правда по склучени интерни спогодби.

Член 8

Во прилог на фактурите се доставува преглед на потрошена електрична енергија изразена во KWh за секое броило поединечно (стара и нова состојба).

Член 9

Доколку Носителот на набавката не ги примени одредбите од Член 7 при изработка на месечните фактури како и останатите податоци кои треба да бидат содржани при изработка на фактура за снабдување со електрична енергија согласно Законот за енергетика, Правилата за пазар на електрична енергија, Правилата за снабдување со електрична енергија, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и Законот за метрологија. Договорниот орган може да му ја врати фактурата на носителот на набавката на корекција и нема обврска за исплата до нејзино конечно изработување согласно горенаведеното.

Во ваков случај, крајната дата за исплата на коригираната фактура ќе биде 30 (триесет) дена од денот на доставување на корегираната фактура во архива на Договорниот орган.

## VII.РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА

Член 10

Во овој Договор не се предвидуваат разлики во цени на предметот на набваката од Член 2. Цените ќе бидат фиксни за цело времетраење на Договорот.

## VIII. ВИША СИЛА

Член 11

Ниту една од Договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој Договор, до кое би дошло заради виша сила.
Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Законот за облигациони односи.

Ако една од Договорните страни е спречена во исполнување на утврдените обврски од овој Договор, заради виша сила, должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата Договорна страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност да обезбеди соодветен доказ.
Неисполнувањето на договорните обврски како последица на виша сила, не се смета за прекршување на Договорот и не се санкционира согласно Договорот.
За регулирање на прашањата околу измена на условите на основниот Договор, поради делување на виша сила, Договорните страни ќе склучат Анекс на Договорот, веднаш по прекин на околностите кои претставуваат вонреден настан.

## IX. ОБЕСШТЕТУВАЊА

Член 12

Во случај на еднострано раскинување на Договорот, Договорната страна која ќе го раскине Договорот се обврзува, на другата Договорна страна да ѝ ја надомести во целост материјалната штета, настаната како последица на еднострано раскинување на Договорот.
Во случај на раскинување поради непочитување на Договорот, Договорната страна која го прекршува Договорот се обврзува на другата Договорна страна да ѝ ја надомести во целост материјалната штета, настаната како последица на раскинување на Договорот.
Носителот на набавката е должен на Договорниот орган да му ја надомести штетата што ја претрпел поради неисполнување на договорните обврски.

## X. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 13

Договорните страни се обврзуваат меѓусебните спорови да ги решаваат спогодбено, во согласност со важечките закони и во смисла на овој Договор.
Доколку спорот не се реши спогодбено, за истиот надлежен ќе биде Основниот граѓански суд Скопје.

## XI. ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 14

Овој Договор се смета за склучен со денот на негово потпишување од двете Договорни страни.
Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој Договор само спогодбено.
Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата Договорна страна да го достави во писмена форма.
Одредбите од овој Договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Анекс на Договорот.

Дополнувањата и измените на овој Договор се важечки ако се направени со анекси потпишани од двете Договорни страни.

**Член 15**

За се што не е предвидено со овој Договор, ќе се применуваат одредби од Законот за облигациони односи, Законот за јавни набавки и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

**Член 16**

Овој Договор е составен во 8 (осум) еднакви примероци, од кои секоја од Договорните страни задржува по 2 (два) примероци.

| ДОГОВОРЕН ОРГАН | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА |
|---|---|
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА<br>Министер за правда<br>Игор Филков<br>________________________ | ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ<br>Управител<br>Павле Мајовски<br>________________________ |

Управа за извршување на санкциите

в.д.директор
Александар Пандов

________________________

Биро за застапување на Република Северна Македонија пред европскиот суд за човекови права

в.д.директор

Даница Цонова

________________________